Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11),, како и врз основа на член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14 и 116/14) министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по граѓанско образование за VIII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, август 2014

## 1. ВОВЕД

Во наставниот план за основното училиште наставниот, предмет граѓанско образование е застапен во задолжителените предмети во седмо и осмо одделение со по еден час неделно, односно 36 часа годишно.

Со наставната програма по граѓанско оразование се предвидени можности за индивидуализирана и групна работа на учениците која придонесува за самостојност во размислувањето и примената на усвоените знаења и способности во истражувачките активности на повеќе прашања од областа на граѓанското образование. Природата на наставниот предмет налага добро осмислена групна работа на учениците во наставата за да се поддржува инвентивноста на секој ученик при разработката на содржините и истражувачките активности.

Во таа смисла во седмо и осмо одделение со наставните програми по граѓанско образование им се овозможува на учениците да го систематизираат стекнатото искуство од оваа област од претходните одделенија на основното училиште, а исто така да усвојуваат нови знаења и искуства.

Содржините од овој наставен предмет се во тесна корелација со наставните предмети во основното училиште што ги изучуваат ужениците во претходните одделенија, а исто така и со наставните предмети од седмо и осмо одделение (како на пример: историја, нашата татковина, истражување на родниот крај, танци и народни ора, проекти од музичка и ликовна уметност, култура во европската цивилизација, вештини за живеење, а особено со наставните програми и акивности на учниците на часот на одделенската заедница во кои се разработуваат содржини за личниот и социјалниот развој на учениците.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД **(VIII-IX)**

Ученикот / ученичката:

- да се запознава како се развива идејата за човековите права и слободи;
- да се запознае со Универзалната декларација за човековите права;
- да се запознае со Европската конвенција за човековите права;
- да се оспособи да дискутира за основните човекови права, слободи и граѓанските обврски;
- да ја увидува поврзаноста помеѓу човековите права, слободи и одговорности
- да ја сфаќа важноста на човековите права и граѓанските обврски во општеството;
- да се поттикнува да се запознава со идејата за демократското уредување на општеството;
- да ги проширува знаењата за остварувањето на човековите права во Република Македонија.
- да ја согледа цивилизациската важност на концептот за човековите права и слобода;
- да го запознава значењето на зачленувањето на Република Македонија во Европската Унија.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ПО ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО **VIII** ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот / ученичката:

- да ги знае основните човекови права и да го објаснува и разбира нивното значење;
- да ја осознава поврзаноста (условеноста) помеѓу правата, слободите и должностите во демократското општество;
- да го рабере значењето на поимот одговорност и да разликува видови одговорности кон себе, во семејството, кон локалната заедница, кон државата;
- да се оспособува да открива примери во училиштето и во заедницата кога не се почитуваат човековите права и демократските вредности;
- да го разбере правото на различност и да развива чувство на меѓусебно разбирање и толеранција кон припадниците на други култури;
- да го открива значењето на поимите еднаквост, различност, правда, авторитет, (власт), сопственост, приватност;
- да знае како се заштитуваат човековите права;
- да го сознава значењето на поимот демократија;
- да ја сфати улогата на граѓаните и граѓанските здруженија во Р.Македонија;
- да се запознае со настанувањето и улогата на Европската унија, нејзините симболи и институции.

4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ***Тема: Човекот, човекови права и одговорности (20 часа)*** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-Да осознае и сфати дека само човекот е во состојба да го разбере, протолкува и менува светот;<br><br>-да сфати дека човекот може да живее на различни начини (да избере свој животен стил) и таа различност треба да се почитува;<br><br>- да го разбере поимот стил;<br><br>-да сфати дека задоволувањето на потребите и желбите треба да бидат во согласност со правилата во заедницата;<br><br>- да ги осознае и разбере правилата во заедницата;<br><br>-да сфати дека преку човековите права луѓето не ги задоволуваат своите желби, туку основните потреби кои му обезбедуваатдостоен живот;<br><br>- да се запознае со основните | Што се и како настанале човековите права | Желбите, потребите и човековите права.<br><br>Лични и заеднички вредности (живот, богатство, лојалност, слобода, еднаквост, правда, достоинство, храброст, работливост). | Преку разговор и употреба на конкретни примери се откриваат основните особености на човекот кои го разликуваат од другите биолошки сродници.<br><br>Се изработува листа наБрајово или видно писмо во зависност од оштетувањето на видот на потреби и желби на човекот.<br>Читање на материјали изработени на Брајово писмо или со зголемен и затемнет фонт на делови од литературни дела во кои се обработени различни вредности.<br><br>Разговор по одделни членови од следните документи:<br>Универзална декларација за човековите права,<br>Европска конвенција за човековите права.<br>Членовите да бидат изготвени на Брајово писмо или со зголемен и затемнет фонт. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| човекови права;<br>- да ги знае и да умее да го објасни значењето на граѓанските и политички права и слободи;<br><br>- да ги знае социјално-економските права;<br>- да објасни зошто се значајни социјално-економските права во животот на човекот;<br><br>- да осознае дека еколошките и развојните права се основа за квалитетен живот и напредок на заедницата;<br><br>- да знае кои се културните права;<br>- да се поттикне на почитување на различните од себе независно од етничката припадност, јазикот, полот, бојата, верата, различните потреби и можности;<br><br>- да го разбере поимот култура;<br><br>- да умее да ја почитува и развива сопствената култура и да ги прифаќа вредностите на други култури;<br><br>- да се поттикнува да придонесува за сузбивање на дискриминација, стереотипни размислувања и | | Право на живот.Право на слободно здружување.<br>Право на слободно изразување. Право на правично судење. Право на учество во политичкиот живот.<br>Солидарност<br>Социјална правда<br>Право на образование.<br>Право на сопственост. Право на работа и заштита од невработеност. Право на осигурување.<br>Право на здрава животна средина (природна и општествена)<br>Културни разлики и културни сличности. Право на културна посебност. | Вежби за насочување и мотивација на учениците.<br><br>Квиз (усно одговарање на прашања) за човекови права.<br><br>Работа во групи или парови (слабовиден со слеп ученик);<br><br>Текст метода;<br><br>Групни презентации сработени на комјутер со употреба на говорен звучен програм JAWS.<br><br>На дадени примери учениците ги идентификуваат граѓанските,социјалноекономските, еколошките, развојните и културните права;<br>Вежби за откривање на значењето на поимите: солидарност, сосијална правда, култура, културни сличности и разлики, дискриминација,стереотипи и предрасуди. Разговор во врска со овие поими преку кажување на примери од секојдневниот живот.<br>Се води разговор според однапред подготвени прашања на Брајово писмо или видно писмо со зголемен и затемнет фонт на тема-како се донесуваат правични решенија. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| предрасуди;<br><br>-да ги разбира поимите дискриминација, сереотипија и предрасуди.<br><br>- да сфати дека правата подразбираат и одговорност;<br><br>- да умее да објасни зошто детските права се специфични;<br><br>- да умее да го објасни значењето на женските права и зошто се наречени специфични права;<br><br>- да развива свест за еднаквоста на мажот и жената (родова еднаквост) и надминување на секаков вид дискриминација;<br><br>- да ја воочи поврзаноста и условеноста на правата и одговорностите;<br><br>- да сфати зошто треба да се почитуваат законите, правилата кои важат во заедницата;<br><br>- да знае какви видови одговорности имаат граѓаните кон себе, кон локалната заедница, кон државата;<br><br>- да разбере дека остварувањето на | Граѓански и политички права<br>Социјално-економски права<br>Еколошки развојни и културни права<br>Културни права<br><br>Детски права<br>Женски права<br>Одговорност<br>Повреда и заштита на човековите права | Право на учество во културниот живот на заедницата.<br>Право на одмор и рекреација.<br>Право на заштита на културното наследство.<br>Дискриминација.<br>Стереотипи и предрасуди.<br><br>Дете. Возрасен.<br>Право на живот. Право на опстанок, раст и развој.<br>Право на заштита од секаков вид злоупотреба и дискриминација. Право на активно учество и мислење.<br>Пол. Род. Родова рамноправност.<br>Дискриминација врз жената.<br>Заштита на женските права.<br>Норми (закон, обичаи, морал). Законска и морална одговорност. Одговорност кон себе, кон семејството, кон локалната заедница, државата.<br>Универзалност, неделивост и | Се анализираат примери за различни стилови на живот и се дикутира.<br>Анализа на примери на дискриминација и стереотипи;<br>Работилница: како да се надминат стереотипите.<br>Се изработуваат илустрирани тактилни картички на swell touch машина и постери за детските права.<br>Се подготвува листа Брајово писмо или со зголемен и затемнет фонт на одговорности кои произлегуваат од правата.<br>Вежби-се анализираат случаи на повреди на детските права.<br>Симулација-светски ден на детето.<br>Се анализираат примери во кои постои дискриминација врз жената.<br>Дискусија во помали групи.<br>Вежби преку кои учениците ќе идентификуваат различни видови на лична одговорност и одговорност кон другите;<br>Разговор во врска со повредите на човековите права низ конкретни примери.<br>Работа во групи или парови. Сеанализираат делови од закони и прописи напишани на Брајово писмо или видно писмо со зголемен и затемнет фонт за човековите права и одговорности во Р. Македонија. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| едно право не треба да загрозува друго право;<br><br>- да идентификува и наведува конкретни примери на повреда на човековите права;<br><br>- да се запознае со начините за заштита на човекови права;<br><br>- да ги препознава институциите одговорни за заштита на човековите права. | | условеност на човековите права. Домашна легислатива (закони), Меѓународни документи и организации за заштита на човековите права | Дебата, критичко мислење, поставување хипотези, групна Презентација или презентација во парови. |

| *Тема: Демократија и граѓанското општество (8 часа)* | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да го разбере помот демократија и демократско општество;<br>-да ги наведува да ги разбере карактеристиките на демократското уредување на општеството;<br><br>-да прави разлика меѓу демократијата и други форми на општествено | Демократија<br><br>Улогата на граѓаните во демократијата | Демократија<br>Демократски вредности.<br>Избори. Јавност.<br>Рамноправност<br>Владеење на правото.<br>Демократија и човекови права.<br>Граѓанин.<br>Граѓански права и обврски.<br>Граѓанско здружување. | Разговор на тема: демократски вредности, правично владеење.<br>Вежба-како изгледа едно праведно општество.<br>Изработка на есеи на Брајово или видно писмо во зависност од оштетувањето на видот.<br>Изработка на постер со помош на наставникот или работа во пар слабовиден со слеп ученик.<br>Вежба: Изработка на „Граѓанска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| уредување;<br><br>-да ја осознае поврзаноста и условеноста на демократијата и човековите права;<br><br>-да ја согледа улогата на граѓанинот во демократското општество; | | Граѓанска иницијатива | повелба" и нејзино печатење на Брајово писмо – кои се и како треба граѓаните на Македонија да ги извршуваат своите граѓански должности.<br>Работа во групи или парови-граѓански здруженија.<br>Вербално објаснување, преку конкретни примери на помиот демократија и демократско општество. |

| ***Тема Европска унија (8 часа)*** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да се запознава со идејата за обединета Европа и причините за | Европската унија и нејзиното создавање | Европска унија.<br>Симболи на Европската унија (химна, знаме, Евро) | Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм : од идеја до |

| | | | |
|---|---|---|---|
| нејзиното создавање;<br>- да ги знае земјите-членки во Европската унија и земјите-кандидатки за влез во ЕУ;<br>- да ги познава по тактилен пат заедничките симболи на ЕУ;<br>- да ги познава институциите на ЕУ;<br>- да објаснува на кој начин Европската унија им обезбедува слобода на движење на своите граѓани (шенген зона);<br>- да го познава процесот на пристапување на нови земји - членки во ЕУ;<br>- да ги идентификува придобивките на граѓаните на Македонија како граѓани на Евроспската унија; | Работењето на Европската унија | Европски идентитет.<br>Шенген зони.<br>Совет на Европската унија.<br>Европски парламент.<br>Европска комисија.<br>Европски суд | создавње на Европската унија.<br>Обработка на значајни делови од документи на Европската унија испечатени на Брајово писмо или сработени во зголемен и затемнет фонт.<br>Работа во групи или парови.<br>Тактилна перцепција на симболите на Европската унија преку тактилни (релјефни ) слики изготвени на swell touch машина.<br>Изработување постери со симболите на Европската унија.<br>Моделирање на симболите на Европската унија.<br>Шемстски се прикажува начинот на работа на Европската унија.<br>Пишување на извештај на Брајово писмо за начинот на работа на Европската унија.<br>Дискусија за перспективите на македонското општество како дел од европското семејство. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставната програма е обликувана согласно на развојните карактеристики на учениците во VII одделение во осумгодишното основно училиште (односно VIII одделение на деветгодишното основно училиште) и дидактичките елементи коишто се карактеристични за наставата на современото основно училиште. Наставниците по граѓанско образование своите подготовки за наставата треба да ги развиваат врз основа на целите по наставни теми и содржини со соодветен избор на методи и активности во наставниот процес.

Наставната програма нуди три наставни теми за кои се препорачува да се организира интерактивна настава според начелата за внатрешно поврзување на содржините и целите од областа на човековите права и слободи и граѓанските обврски со содржините и активностите за демокатското уредување на општеството.

За овие темелни вредности на граѓаните на македонското современо општество наставата по граѓанско образование треба да им овозможи на учениците да усвојуваат знаења, вештини, и да ги подготвува да размислуваат и прифаќаат вредности кои го унапредуваат функционирањето на демократското општество. Поради специфичноста на наставниот предмет во училишната настава не треба да се пристапува површно, ниту независно од историските и општествените услови, туку многу продлабочено во согласност со придобивките во областа на човековите права и слободи и непосредната заштита на човековите права и слободи во нашето општество и преземањето на граѓански обврски. Всушност, неопходно е учениците да се оспособуваат да го применуваат знаењето, да ја сфаќаат важноста на човековите права и граѓанските обврски во училишниот живот, во средината и пошироко во општеството, како најважен услов за демократско уредување на општеството.

Во таков контекст учениците ке имаат можност да ја согледаат и цивилизациската важност на концептот за човековите права и слободи и за демократското уредување на општеството, на таа основа ќе можат да се запознаат

и со значењето на зачленувањето на Република Македонија во Европската унија која што е организирана врз принципите на слободата, правдата, безбедноста и заедничкиот пазар.

Исто така, може да нагласиме дека наставната програма по граѓанско образование може успешно да се реализира во училишната настава со примена на училишни методи и активности за поттикнување на продлабочено учење со разбирање и расудување, кооперативност, работа во групи, како и со самостојно истражување и откривање на знаењето. Тоа е нужно за даможе да се надминува традиционалниот начин на учењето во наставата кое што е ориентирано само кон стекнување на енциклопедиско знаење. Наставниците по граѓанско образование треба да придонесат за создавање демократска училишна клима во паралелката да се грижат за поттикнување и интегрирање на учењето со активностите и однесувањето на учениците во паралелката, училиштето и пошироката средина. Низ истражувачките активности, проектни работилници и сл. Учениците во работните програми да го изнесуваат своето мислење, да прифаќаат вредности од областа на човековите права и за демократското уредување на општеството, да се воспитуваат за соработка и солидарност со другите.

Учениците со оштетен вид кај кои интелектуалните способности се на завидно ниво, без никаков проблем може да ја следаат наставната програма по гераѓанско образование за осмо одделение, она на што наставникот треба да обрне внимание е да користи специфичните наставни средства и помагала наменети за лицата со оштетен вид. Истиот треба да биде креативен во својата работа преку што успешно и соодветно би му ја пренел наставната материја на ученикот со оштетен вид. За учениците кај кои покрај оштетениот вид има и некој друг проблем, поради кој ученикот неможе во целост да ја следи и совлада наставната материја, наставникот треба да примени индивидуален пристап, диференцирање на целите и задачите во наставната програма, дозирање на содржините како истите би соодветствувале на потребите и можностите на ученикот.

Битна цел на наставата по граѓанско образование е не само да се учи туку и да се воспитува во добро однесување кон себе и кон другите, да поттикнува кај учениците заедничко меѓусебно комуницирање и во

согласност со постигањата во остварувањето на човековите права, демократското уредување на општеството и градење на нашиот општествен и културен идентитет.

Наставата по граѓанско образование редовно се планира, организира и остварува со предвидениот фонд на часови што е утврден со наставниот план. Учениците во наставата се оценуваат со бројчена оценка која има влијание на општиот успех.

- Препораки за користење на годишниот фонд на часови (ориентационо планирање на наставните часови по наставни теми и целини).

Препораките за годишниот фонд на часовите се дадени како ориентација, заедно со конкретните цели и теми/содржини, што, секако, не треба да го ограничува нивното прераспределување, според потребите при реализацијата. Поинаквото користење на часовите треба да го проценува предметниот наставник според достигањата на неговите ученици, т.е. според промените во квалитетот на знаењата и способностите кои тие ги постигнуваат.

- Наставни средства:
- учебник избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
- други извори на учење во непосредната околина, посета на специјализирани институции и соработка со стручни лица од локалната средина;
- енциклопедии, речници, списанија, дневен печат, законски акти, меѓународни документи, материјали изготвени и испечатени на Брајово писмо за слепите ученици или со зголемен и затемнет фонт за слабовидните ученици;
- Интернет, популарни илустрирани образовни софтвери во комбинација со говорен звочен програм;
- аудио-визуелни и тактилни средства и други средства соодветни на предметот и потребите и можностите на учениците.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

- Следење на постигањата на учениците

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивната активност, за нивната мотивираност за учење, за соработката со другите ученици и сл. (формативно оценување). Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.

Во програмата се наведени начините на следење, проверување и оценување на постигањата на учениците во рамките на наставните теми.

Начини на проверување и оценување: усно, писмено, презентација.

Други средства и постапки за следење и оценување: говорни вежби; разговор/дијалог наставник-ученик, како и ученик-ученик; домашни работи, податоци од истражувачка работа. Оценувањето се врши со нумерички оценки.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со Решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по наставниот предмет граѓанско образование во училиште за ученици со оштетен вид ја изведува наставник со завршени студии по социологија.

Доколку на конкурсот за избор на наставник не се јави наставник со завршени студии по социологија, наставата може да ја изведува и наставник со завршени студии по историја со дополнителна дефектолошка дообразба.

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Адаптираната наставната програма по граѓанско образование за VIII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта, врз основа на утврдената соодветна наставна програма за деветгодишно основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

Министер

______________________________

Abdilaqim Ademi

Изготвил: работна група, координатор м-р Жанета Чонтева, советник
Контролирал: Трајче Ѓорѓиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор